**Детенце мое мило,**

Можеби не ме познаваш, но јас сè знам за тебе.
Знам кога седнуваш и кога стануваш.
Ми се познати сите твои патишта и сите твои мисли.
Дури и секое влакно од твојата коса е изброено.
Зашто ти си дете создадено по мој лик.
Поради мене и љубиш.
Во мене живееш, се движиш и постоиш.
Ти си мој род.

За мене лошо зборуваат оние што не ме познаваат.
Јас не сум далечен и гневен, туку сум совршена љубов.
И сакам изобилно да ја излеам својата љубов врз тебе.
Тоа едноставно затоа што си мое дете, а јас твој Отец.

Јас не сум како земниот татко, јас сум совршениот Отец.
Секој добар дар што го примаш доаѓа од мојата рака.
Јас се грижам за тебе и ги исполнувам сите твои потреби.
Мојот план за твојата иднина секогаш е исполнет со надеж.
Зашто те љубам со вечна љубов.
Моите мисли за тебе не можат да се избројат, како ни песокот на морскиот брег.
Над тебе се радувам со голема радост.
Никогаш нема да престанам да ти правам добро.
Зашто ти си мое многу драгоцено наследство.

Со сето мое срце и душа сакам цврсто да те утврдам.
И сакам да ти објавам големи и прекрасни работи.
Ако ме побараш со сето срце, ќе ме најдеш.
Зашто јас сум ти поблизу отколку што мислиш.
Радувај се во мене и ќе ги исполнам желбите на твоето срце.
Зашто јас сум тој што ги создава тие желби во тебе.

Јас сум Отецот што те охрабрува.
Јас сум Отецот што те утешува во сите твои маки.
Кога си со скршено срце, јас сум до тебе.
Страдам со тебе и се радувам со тебе.
Јас сум тој тивок глас во тебе што во секоја прилика ти предлага што е најдобро.
Како пастир што го носи јагнето во своите раце, така јас те носам во своето срце.
Еден ден ќе ја избришам секоја солза од твоето лице.

И ќе ја земам целата твоја болка и страдање што си ги поминал на оваа земја.
О, само да го слушнеш мојот глас сега, додека уште си овде!

Јас сум твојот Отец и те љубам како што го љубам и мојот Син.
Во Синот ја покажав својата љубов кон тебе.
Тој е отелотворување на моето битие.
Тој дојде да те увери.
Да ти покаже дека сум за тебе, а не против тебе.
Да ти каже дека не ги бројам твоите гревови и дека сме помирени.
Доброволно и радосно отиде таму каде што ќе ја искуси и твојата болка.
Таму каде што можеше да ја искуси и самата смрт.
Се одрече од сè за јас да ја добијам твојата љубов.
Јас сум близу – прими го мојот Син Исус како дар.
Примајќи го него, ме примаш мене и покажуваш дека веруваш колку те љубам.
И никогаш ништо повеќе нема да може да те оддели од мојата љубов.
Врати се дома, сè ти е простено.
Дојди и јас ќе приредам најголема прослава што небото некогаш ја видело.
Влези во мојата радост и мојот мир.

Од секогаш сум бил Отец и секогаш ќе останам Отец.
Го имаш мене, и сè што е мое – твое е.
О, да ми се вратиш, за да те имам тебе и сè што е твое!
Твоето срце.
Да бидеме едно.

Затоа знај дека отсекогаш си мое дете и тоа ќе бидеш и во вечноста.
Но, сакаш ли да бидеш дома, во својот дом, уште сега додека си овде?
Зашто копнеам да бидам во тебе, во твоето срце.
Откако те нема, чекам на прагот да те здогледам.
Таму, каде што те чека мојата прегратка.
Приготвив за тебе нова и чиста облека, бела како снег.
Ќе приредам гозба и ќе ставам прстен на твојата рака.
Детенце мое!

Те чекам.

Твојот Отец, Бог, те љуби.